Врз основа начлен 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 14став 1 точка 24 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 07/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 22.06.2009 година донесе

**О Д Л У К А**
**За организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Крива Паланка**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општиската администрација на Општината Крива Паланка, видовите, организациони облици, условите за нивно образување и раководење со нив.

**Член 2**

(1) Општинската администрација на Општината Крива Паланка (во натамошниот текст: општиснка администрација) ги извршува работите од надлежност на органите на Општината, односно Советот и Градоначалникот на Општината.

(2) Општинската администрација:
- врши стручна работа за Советот и Градоначалникот на Општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежноста на Општината,
- врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање ;
- ги подготвува актите за советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговитепостојани и повремени комисии.
- врши стручни работи за советот и за градоначалникот;
- го води сметководството на општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на општината, и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија и
- врши и други работи што ќе ги определи Советот и Градоначалникот.

(3) Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на Општината во согласност со Уставот и со закон,

со Статутот на Општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

**Член 3**

Врз основа на надлежностите на Општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во одделенија и Територијална противпожарна единица на Општина Крива Паланка.

**Член 4**

Заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на Општината се образуват Одделенија за непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи:

(2) Територијата противпожарна единица на Општината се образува заради вршење на со закон утврдените работи од обласста на заштита од пожари.

**II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**Член 5**

(1) Општинската администрација се организира во следните , Одделенија и Територијална противпожарна единицана Општината:

1. **Одделение за правни и општи работи ;**
2. **Одделение за финансии, буџет и администрирање со даноци и имот;**
3. **Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија;**
4. **Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина;**
5. **Одделение за изградба и одржување на комунална Инфраструктура;**
6. **Одделение за инспекциски надзор;**
7. **Одделение за човечки ресурси;**
8. **Територијална противпожарна единица на Општината Крива Паланка.**

**Член 6**

**(1) Одделението за правни и општи работи :**

- подготвување за нормативните акти (одлуки и други општи акти) од надлежност на Советот односно Градоначалникот на општината;
- дава мислење на прописи од аспект на нивната законитост кога предлагачи се други органи;

- врши стручни и организациони работи за функционирање на Советот и неговите тела, односно на Градоначалникот на Општината;
- се грижи за извршување на одлуките од надлежностите на Советот;
- дава правна помош на граѓаните, инфомирање на корисниците на услугите за полесно остварување на нивните права;
- подготовки за цивилната заштита;
- канцелариско работење кое го опфаќа приемот, отварањето, евиденцијата и испраќањето на актите на органите на Општината, архивското работење, дактилографските работи, секретарски работи на Градоначалникот и Претседателот на Советот;
- работи за возниот парк и други помошно-технички работи;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Градоначалникот и Советот.

**(2) Одделението за финансии, буџет и администрирање со даноци имот:**

- подготвување на Буџетот и Годишната сметка на Буџетот и други акти од областа на финансирањето а што се надлежност на Општината;
- ја води и ускладува евиденцијата на имотот на Општината;
- врши администрирање со данок и имот;
- ги следи и применува прописите за финансиското работење, сметководственото и материјалното работење н а органите на Општината на месната самоуправа;
- ги следи, проучува и дава мислење на прописите од финансиите, го извесува Советот и Градоначалникот за промена на прописите од интерес на финансирањето;
- поднесува извештаи за состојбата на сметката;
- соработува со комисијата за финансирање, буџет и локален економскси развој на Советот и на нејзино барање, доставува извештаи за сметката и податоци од значење за финансиското работење;
- врши и други работи што ќе му бидат дадени во надлежност согласно на законите и другите прописи, како и од страна на Советот и Градоначалникот на Општината.

**(3) Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија:**

- пратење на состојбата во областите на културата, спортот, социјалната заштита, образованието, здравството во рамките на надлежностите на Општината ;
- ги врши работите што се однесуваат на локалниот економски развој, за што подготвува програми и прдлага мерка за подршка на малите и средните претпријатија и претприемаштвото на локално ниво;
- учествува во воспоставување на развојна мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
- остварува соработка со меѓународни организации;

- врши информативни и протоколарни работи за потребите на Советот и Градоначалникот;
- врши имплементација и развој на информатичката технологија; и
- врши други работи што ќе му бидат ставени во надлежнопст со закон или пропис односно од страна на Градоначалникот и Советот.

**(4) Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина:**
- следење на состојбата во областа на урбанизмот на подрачјето на Општината и покренува иницијатива и предлози за донесување и изменување на детални урбанистички планови;
- ги прибира и стручно обработува барањата и иницијативите од физички и правни лица за измена на детални и урбанистички планови;

- ја подготвува документацијата и информационата основа за покренување постапка за изработка, донесување или изменување на детални урбанистички планови на Општината;
- учестува во изработка на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината;
- ги следи состојбите од областа на сообраќајот, регулирање на режимот на сообраќајот, изградба и одржување на уличната и сообраќајна сигнализација, изградба и одржување на јавниот простор за паркирање, отстранување на непрописно паркирани возила, отстранување на хаварисани возила од јавните површини;
- ги следи состојбите сврзани со работите за заштита и унапредување на животната средина и природата;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи, како и од страна на Советот и Градоначалникот на Општината.

**(5) Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура:**
- следење на состојбите и организирање изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици;
- вршење на работите сврзани со јавното осветлување на населените места на подрачјето на Општината;
- следење на состојбите за уредување и одржување на јавното зеленило;
- ги следи прописите и дава мислење по истите од својата област;
- учествува во изготвување на програми и извештаи;
- врши и други работи што со посебни закони за комунални дејности се дадени во надлежност на Општината;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени согласно член 22 од Законот за локална самоуправа, односно од страна на Советот и Градоначалникот на Општината.

**(6) Одделението за инспекциски надзор** ги врши работите што се однесуваат на вршење на инспекциски надзор над спроведување на актите од областа на комуналните работи, сообраќајот, урбанизмот, животната средина и образованието.

Инспекцискиот надзор го вршат инспектори.

**(7) Одделение за човечки ресурси**

- управување со човечки ресурски и спроведување на надлежностите во следните функционални области: развој на органот, информативен систем за човечки ресурси, односи меѓу вработените, обука и развој, мотивација, организациски развој и вработување;
- грижа за постојано и навремено селектирање и вработување на кадри потребни за остварување на функцијата и исполнување на стратешки цели на органот;
- грижа за постојан развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници во органот;
- врши и други работи што ќе му бидат дадени во надлежност согласно законите и другите прописи како и од страна на Советот и Градоначалникот на Општината.
-

**(8)Територијална противпожарна единица на Општината Крива Паланка** ги врши следните работи:

- гаснење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредна опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на гражаните и заштита на имотот загрозени од пожар и експлозии;
- укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други рботи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алиени на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон дејствуваат како противпожарни единици на Република Македонија заради оперативно делување при гасење големи пожари на целата територија на Република Македонија;
- дава помош кога тоа е побарано при гасење пожари во други држави;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гасење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување на Општината Крива Паланка за тоа;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица;

- тековна поправка и одржување на механиката;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации во координација со Министерството за внатрешни работи;
- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадниците на АРМ, едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 7**

Работите одчлен 6 точка 9 Територијалната противпожарна единицана Општина Крива Паланка ги врши во Противпожарен дом во чии рамки функционира команден оперативен центар, противпожарен сервис и автомеханичарски сервис со 5 одделенија и чети во случај на поголеми пожари.

**Член 8**

Внатрешната ревизија во Општина Крива Паланка по основ на договор за вршење на внатрешна ревизија ќе ја врши Организациона единица за внатрешна ревизија од Општинската администрација на друга општина по претходна согласност на Министерот за финансии.
Начинот и вршењето на внатрешната ревизија ќе биде уреден со договор склучен помеѓу Градоначалниците на двете општини.

**III.РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАЗАЦИОНИТЕ ОБЛИЦИ**

**Член 9**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на Општината Крива Паланка.

**Член 10**

(1) Со одделение раководи раководител на одделение.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, го заменува стручен државен службеник со највисоко звање во Одделението.

**Член 11**

(1) Со Територијалната противпожарна единица на Општината Крива Паланка раководи командир на ТППЕ.

(2) Во случај на отсуство или спреченост на командирот, со Територијалната противпожарна единица на Општината Крива Паланка раководи заменик командир.

(3) Со чета раководи командир на чета, а во случај на отсуство или спреченост на командирот, со чета раководи заменик командир на чета.

(4) Со одделение раководи командир на одделение.

**Член 12**

Вкупниот број на вработени и распоредот по звање и работни места го утврдува Градоначалникот на Општината со Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општината.

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршувањена задачите на општинската администрација бр. 07-596/3 од 27.06.2005 година и Оддлука за изменувањеи дополнување на Одлуката за организација ,делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Крива Паланка бр. 07-250/19 од 28.02.2008 годна („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр.2/08).

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во („Службен гласник на Општина Крива Паланка“),а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за државни службеници.

**Бр. 07-1936/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22.06.2009 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрациа на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на 22.06.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1936/4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**25.06.2009 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 21,24 став 1и 2 и член 36, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на Р.М. бр.05/02),член 2 став1,член 3 став 3 ,член 9 став 2 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96;06/02;40/06 и 22/07) и член 14, став 1, точка 25 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 07/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 22.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици, одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација во Општина Крива Паланка**

**I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка (во понатамошен текст основач) основа Јавно претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици , одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација во Општина Крива Паланка и ги утврдува основните прашања за основање на јавното претпријатие.

**Член 2**

Јавното претпријатие ќе работи под назив Јавно претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици , одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација „КАЛИН КАМЕН„-КРИВА ПАЛАНКА.

Скратен назив на претпријатието ќе гласи ЈП „КАЛИН КАМЕН „-КРИВА ПАЛАНКА (во понатамошниот текст Јавно претпријатие).

**Член 3**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Седиштето на Јавното претпријатие е во Крива Паланка на Ул.„Маршал Тито“ бр. 175.

**Член 4**

Дејност на Јавното претпријатие:

- Уривање и демонтирање на објекти, земјани работи
- Изградба на објекти на нискоградба
- Реконструкција и одржување на улична и сообраќајна сигнализација како и редовно инвестиционо и зимско одржување
- Уредување на буици
- Поставување електрични инсталации и прибор
- Поставување на водоводни и канализациони инсталации
- Уредување и одржување на животната средина и природата
- Отстранување на отпадни води и ѓубре,санитарии и слични активности
- Одржување на осветлувањето на јавни површини

- Одржување на јавни површини
- Изградба ,одржување и користење на јавни паркиралишта
- Просторно и урбанистичко планирање
- Проектирање
- Изработка на техничка документација
- Архитектонски и инжинеринг активности и соодветни технички совети
- Реклама и пропаганда
- Техничко испитување и анализа
- Други инсталатерски работи
- Останати завршни работи
- Издавање на опрема и машини за изградба или уривање, со оператор.

**Член 5**

Јавното претпријатие не може да врши промена на името, седиштето и дејноста утврдени во член 2, 3 и 4 на оваа Одлука, без согласност на оснивачот:

**Член 6**

Основачот за почеток на работа на Јавното претпријатие ќе обезбеди средства во износ од 800.000,00 денари кои сретства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2009 година и тоа претставува оснивачки влог на Јавното претпријатие.

**II. ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

**Член 7**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Одбор за контрола на материјално-финансиско работење и Директор.

**Член 8**

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 7 члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 9**

Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие се состои од пет члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Крива Паланка . Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, или Одбор за контрола на матријално-финансиското работење тие продолжуваат да ги вршат функциите до именувањето на нов Управен одбор ,односно Одбор за контрола на матријално-финансиско работење. Мандатот на Претседателот и членовите на Управниот и Одбор за контрола на матријално – финансиско работење трае 4 ( четири ) години.

**Член 10**

Одговорно лице за застапување на Јавното претпријатие е Директор, кој го избира Градоначалникот на Општината Крива Паланка, по пат на јавен конкурс.

**Член 11**

Работите околу почетокот со работата на Јавното претпријатие ќе ги координира В.Д директорот кој го именува Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

## III. ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 12**

Одговорноста, правата и обврските на Јавното претпријатие ќе бидат регулилрани со Статут на Јавното претпријатие.

**Член 13**

Во правниот промет со трети лица Јавното претпријатие настапува во свое име и за своја сметка, со неограничени овластувања.

**Член 14**

За обврските спрема трети лица, Јавното претпријатие одговара со целиот свој имот-со целосна одговорност.

**Член 15**

Основачот-Советот на Општина Крива Паланка, не одговара за обврските на Јавното претпријатие спрема трети лица.

**Член 16**

Основачот дава согласност на:

- Статутот на Јавното претпријатие;
- На актот за употреба на средствата остварени со работење;
- На актот за задолжување, проширување на дејноста на Јавното претпријатие;
- Годишната програма;
- Извештајот за работа; и
- Други акти кои произлегуваат и се значајни при работата на Јавното претпријатие.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Јавното претпријатие се основа на неодредено време.

**Член 18**

Донесувањето на Статутот на Јавното претпријатие ќе биде извршено во рок од 30 дена од донесување на оваа одлука , а конституирањето на органите на управување, ќе биде извршено во рок од 60 дена од денот на уписот на Јавното претпријатие во Цнтралниот региста на РМ,а другите акти ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на конституирање на претпријатието.

Член 19

Вршителот на должноста директор,по предлог на Градоначалникот на Општина Крива Паланка ќе донесе времен акт за организацијата и систематизацијата со кој ке се утврди неопходниот број на извршители ,со важност до давање согласност од страна на Советот на Општина Крива Паланка ,на соодветниот акт донесен од Управниот одбор на претпријатието.

**Член 20**

Начинот на спроведувањето на одлуките на Јавното претпријатие, органите на управувањето, условите и начинот на утврдување и распоредување на добивката, правата и обврските на основачот, како и односите на финансирањето ќе се регулилраат со Статутот на Јавното претпријатие.

**Член 21**

На прашања кои не се регулирани во оваа Одлука, непосредно ќе се применуваат одредбите од законите и други прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 22**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Број 07-1936/5** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22. 06.2009 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици, одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација – Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за основање на Јавно претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици, одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на 22.06.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 1936/6** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**25.06.2009 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 7/06). Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 22.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За набавка на опрема за Јавно претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици, одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација „КАЛИН КАМЕН"- Крива Паланка**

Член 1

Се одобрува набавка на опрема за потреби на Јавното претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици, одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација „КАЛИН КАМЕН"– Крива Паланка.

Член 2

Средствата за набавка на опремата ќе бидат обезбедени со Буџетот на Општина Крива Паланка во износ од 100.000,00 ЕУРА.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07 – 1936/7**
**22.06.2009 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за набавка на опрема на Јавното претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици, одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација „КАЛИН КАМЕН" - Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за набавка на опрема на Јавното претпријатие за изградба и одржување на локални патишта и градски паркинзи, уредување на буици, одржување на улично осветлување и изготвување на техничка документација „Калин Камен" - Крива Паланка, што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на 22.06.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1936/8**
**25.06.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 24 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 111/08) и член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06). Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 22.06.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За определување надоместок за одржување на јавни површни во град Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се определува надоместок за одржување на јавни површини во град Крива Паланка во износ од 60,00 денари за секое семејно домаќинство и 120,00 денари за секое правно лице месечно.

Член 2

Надоместокот ќе се наплатува преку сметките на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 1936/9**
**22.06.2009 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за определување надоместок за одржување на јавни површини во град Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за определување надоместок за одржување на јавни површини во град Крива Паланка, што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на 22.06.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1936/10**
**25.06.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за поведување на постапка за прекатегоризација на локални во регионални патни правци во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за поведување на постапка за прекатегоризација на локални во регионални патни правци во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на 22.06.2009 година.

2. Заклучокот да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1936/4**
**25.06.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

По разгледување на Иницијативата за поведување на постапка за прекатегоризација на општински во регионални патни правци во Општина Крива Паланка, а врз основа на член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 22.06.2009 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прифаќање на Иницијатива за поведување постапка за прекатегоризација на општински во регионален патен правец во Општина Крива Паланка**

1. Се прифаќа Иницијативата за поведување постапка за прекатегоризација на општински во регионален патен правец во Општина Крива Паланка, бр. 08-1929/1 од 02.06.2009 година, поднесена од Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

2. Овој Заклучок влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07 – 1929/3**
**25.06.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 7/06), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 22.06.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За збратимување на Општина Крива Паланка – Република Македонија со Општина Банско– Република Бугарија

### Член 1

Општината Крива Паланка – Република Македонија, се **з б р а т и м у в а** со Општина Банско – Република Бугарија, заради соработка на економски, културен, спортски и меѓугранична соработка.

### Член 2

Повелбата за збратимување ќе ја потпише Градоначалникот на Општина Крива Паланка - Дипл.прав. Арсенчо Алексовски.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањто, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 07-1936/11**
**22.06.2009 год.**
**Крива Паланлкла**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за збратимување на Општина Крива Паланка – Република Македонија со Општина Банско – Република Бугарија**

1. Се прогласува Одлуката за збратимување на Општина Крива Паланка – Република Македонија со Општина Банско – Република Бугарија, што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на 22.06.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1936/12**
**25.06.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 став 1, точка 3 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 22.06.2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2-та половина на 2009 година**

**ПРВ ДЕЛ:**

1. Програма за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2009 година.

Изготвувач: ЈП „Комуналец“.
Рок: јули.

2. Информација за извршената наплата на данок од имот во Општина Крива Паланка за 2008 година.

Изготвувач: Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.
Рок: јули.

3. Информација за функционирање на авто-такси превозот во Крива Паланка, со осврт за издавање на лиценци.

Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.
Рок: јули.

4. Информација за развојните и други проблеми во спортот и физичката култура во Општина Крива Паланка.

Изготвувач: Одделение за општествени работи, економски развој и информатичка технологија.

Рок: август.

5. Информација за хемиско биолошката аналилза на водата на водоводите со кои управува ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

Изготвувач: ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

Рок: јули.

6. Информација за локалниот економски развој во Општина Крива паланка.

Изготвувач: Одделение за општествени работи, економски развој и информатичка технологија.

Рок: септември.

7. Информација за појавите и проблемите во бесправната градба во Општина Крива Паланка, со предлог-мерки за разрешување на проблемите.

Изготвувач: Градежна инспекција.

Рок: септември.

8. Извештај за работа на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ – Крива Паланкла за учебната 2008/2009 година.

Изготвувач: СОУ „Ѓорче Петров“.

Рок: септември – октомври.

9. Годишна програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка за учебната 2009/2010 година.

Изготвувач: СОУ „Ѓорче Петров“

Рок: септември – октомври.

10.Извештај за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка за учебната 2008/2009 година.

Изготвувач: ОУ „Јоаким Крчовски“

Рок: септември – октомври.

11.Годишна програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ – Крива Паланка за учебната 2009/2010 година.

Изготвувач: ОУ „Јоаким Крчовски“.

Рок: септември – октомври.

12.Извештај за работа на ОУ „Илинден“ – Крива Паланка за учебната 2008/2009 година.

Изготвувач: ОУ „Илинден“.

Рок: септември – октомври.

13. Годишна програма за работа на ОУ „Илинден“ – Крива Паланка за 2009/2010 година.

Изготвувач: ОУ „Илинден“.

Рок: септември – октомври.

14.Извештај за работа на Домот за ученици „Боро Менков“ – Крива Паланка за учебната 2008/2009 година.

Изготвувач: Дом за ученици.

Рок: Септември - октомври.

15. Годишна програма за работа на Домот за ученици „Боро Менков“ Крива паланка за учебната 2009--/2010 година.

Изготвувач: Дом за ученици.

Рок: септември – октомври.

16. Извештај за работа на Општинската јавна установа за деца – Детска градинка „Иво Рибар Лола“ – Крива Паланка за учебната 2008/2009 година,

Изготвувач: Детска градинка.

Рок: септември – октомври.

17. Годишна програма за работа на Општинската јавна установа за деца – Детска градинка „Иво Рибар Лола“ – Крива Паланка за учебната 2008/2010.

Изготвувач: Детска градинка.

Рок: септември – октомври.

18. Програма за уредување на градежно неизградено земјиште и одржување на комуналната инфраструктура во Крива Паланка за 2010 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура.

Рок: декември.

19. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2010 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: декември.

20. Програма за зимско одржување на улиците, тротоари и локални патишта во Општина Крива Паланка за 2009/2010 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: ноември.

21. Програма за изградба, реконструкција и одржување на уличното осветлување во Општина Крива Паланка за 2010 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: декември.

22. Програма за одржување на парковите и градското зеленило како и спортскиот центар во Крива Паланка за 2010 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: декември.

23. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општина Крива Паланка за 2010 година.

Изготвувач: Одделение за изградба и одржување на комуналната инфраструктура.

Рок: декември.

24. Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Крива Паланка за 2010.

Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Рок: декември.

25. Донесување Буџет на Општината за 2010 година.

Изготвувач: Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Рок: декември.

26. Донесување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година.

Изготвувач: Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Рок: декември.

27. Информација за состојбата на градската депонија во село Конопница.

Изготвувач: ЈП „Комуналец".

Рок. август.

28. Извештај за работа на внатрешниот ревизор во Општина Крива Паланка.

Изготвувач: Внатрешен ревизор.

Рок: август.

29. Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2010 година.
Изготвувач: Комисија.
Рок: декември.

30. Советнички прашања, предлози и иницијативи.

**ВТОР ДЕЛ:**

Освен прашањата наведени во првиот дел на оваа Програма во текот на 2009 година Советот ќе расправа и одлучува и по следните прашања.

1. Разгледување на прашања по иницијативи и предлози на месните заедници на граѓаните.
2. Тековни прашања и проблеми од комуналната свера, урбанизам и заштита на животната средина.
3. Разгледување на прашања и донесување на одлуки од областа на цивилната и противпожарна заштита.
4. Разгледување на прашања и проблеми сврзани со соработката на Општината со подрачните единици на Републичките министерства и инспекциските органи.
5. Разгледување Извештаи на Градоначалникот за извршување на одлуките донесени од страна на Советот и информирање за извршување на надлежности на градоначалникот на Општината.
6. Освен наведените прашања и проблеми Советот на Општината во текот на 2009 година ќе расправа и одлучува и по други прашања согласно Законот за локална самоуправа.

Бр.07- 1936/13 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22.06.2009 год.** **Претседател,**
